**359°**

Мрежа за локални и субалтерни херменевтики

359° - E X P O ™

[project_08_f]

# Ана Стојковиќ

# Баш нè боли едни за други

**2 0 0 1 / 0 2**

**[инсталација]**



**'степен галерија'**

културна локација 'МЕСТО'

Скопје, 18 април 2002



Со поставувањето на проектот „Баш не боли едни за други" во еден од галериските простори во Македонија, Ана Стојковиќ го заокружува својот концепт за критичко делување кон извесни аспекти на тековната вистинитост. Имено, проектот, составен од еден големоформатен отпечаток на сателитска снимка на македонско-бугарската граница и четири фотографски снимки на летечки хеликоптер, во текот на ноември минатата година беше поставен во галеријата АТА во Софија, а во рамките на проектот „Changing of Places". Сега, со поставувањето на проектот во Македонија, односот меѓу двете страни се изедначува.





Стојковиќ во својот проект не остава место за двоумење или друга опција. Според нејзината замисла, газењето на истиот е составен дел од очекувањата уметничкото дело да воспостави непосредно остварување токму преку чинот на газењето/стапнувањето врз него. Таа, со поставката, го принудува посетителот/реципиентот да стапне/застане на сателитската снимка, а со тоа и да ги оствари идејата и настојувањето насловот/темата на овој проект да се преповтори, овој пат, и физички. Било да станува збор за поминување/преминување во другиот дел од галеријата или пак за поблиското приоѓање кон фотографските снимки, посетителот мора да стапне на делото. Саморазбирливо, во тој момент тој е наведен на посоченото преповоторување.





Дискурсот отворен со ова дело упатува на забелешката на меѓусоседските односи и проблемите произлезени од „трката" кон посакуваниот и прокламиран општествен и идеолошки систем кој се појавува како надструктура во земјите во периодот (фазата) на премин од еден систем (именуван како комунистички, а всушност социјалистички) во референтниот либералистички. Во таквото натпреварување случувањата/засегањата во/од соседните општества претставуваат најтесно/најмало поле на интерес. Од друга страна, низата на отворени/нерешени меѓусоседски (поточно – меѓукултурни и меѓунацонални) прашања со овој проект не само што се релативизираат, туку стануваат и неосновани, а со тоа и бесмислени. Или барем тоа претставува став на дел од генерацијата којашто е раководена од сосема поинакви императиви и разбирања на светот во којшто живее. Како една можна причина (или побуда) за ваквата незаинтересираност, можеби и дистантност/дистанцирање, дискретно е поставено/воведено присуството на македонскиот воен судир. Фотографските снимки направени во миговите на воеското делување на македонските воздушни сили својевидно ја дефинираат стварноста на гео-политичкиот простор на којшто припаѓаат двете земји. Воениот судир, поставен дури и на општо рамниште, ги повлекува, пред се, прашањата во коишто се исчитува низата на пројавени специфични односи.





Меѓутоа, говорот за меѓусоседските односи во овој проект може да се постави/префрли и на односите помеѓу сите оние коишто не се во можност сопственото мислење да го искажат во инстанците одговорни за глобалните одлуки, воопшто. Таквата позиција, *de facto*, создава однос кон тие инстанци сличен на една ваква незаинтересираност – незаинтересираност како своевидна форма на отпор или отфрлање на подреденоста во односот. Можноста таквиот однос да се протолкува во смислата дека границата на толерантност и разбирање е премината, со тоа добива на вклучена веројатност.

Оттука, првичните импулси за овој проект, лоцирани во меѓукултурните и меѓунационалните односи помеѓу Македонија и Бугарија (со целата тежина на нивната сериозност), се надминуваат со/во нивните подигнувања на рамништето на глобалните гео-политички стратегии на одлучувачките инстанци. Ваквото, навидум песимистичко, расположение едновремено е и указ за несогласувањето со нив.





**Ана Стојковиќ**

Родена 1971 во Скопје.
Дипломирала на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 1997
Адреса: Јуриј Гагарин 25/37, 1000 Скопје; e-mail: anastojkovic@mt.net.mk

Самостојни изложби :

1998 - Скопје, В.А.Т, Отворено графичко студио;
1997 - Скопје, графики, Младински културен центар

Селектирани групни изложби :

2002 - Белград, Југославија, Who am I, Културен центар на Белград
2001 - Скопје, Совршен пар, Градски трговски центар
- Софија, Бугарија, Сонот на мојот живот, Национална уметничка галерија
- Берлин, Штудгарт, Бон, Германија, Коресподенции, ИФА галерија
- Скопје, Озарување на местото, јавен проект
- Скопје, 5 Биенале на младите уметници , Музеј на современа уметност
- Софија, Бугарија, Changing of Places, ATA центар за современа уметност
2000 - Скопје, Графички Експеримент 2, Отворено графичко студио
Берлин, Германија, 12 Графички позиции од Македонија,
Источноевропски културен центар
1999 - Истанбул, Турција, Секогаш веќе апокалипса, Јуксел Сабанџи Арт Центар
- Скопје, Првото пип шоу во градот, CIX галерија
- Скопје, Нарцизми, Музеј на современа уметност
- Скопје, Секогаш веќе апокалипса,
Институт за сеизмологија и земјотресно инженерство

Претставувањето, како дел од проектот 'Redifining Cultural Discourses', е реализирано со финансиска поддршка на:

PRO HELVETIA
Arts Council of Switzerland
Cultural Exchange East - West
Under the auspices of the Swiss Agency for Development and Cooperation

издавач: 359⁰ - Мрежа за локални и субалтерни херменевтики, Скопје;
за издавачот: Небојша Вилиќ; организација на проектот: Александра Зиновски - Вилиќ;
обликување: 'one degree design'; текст: Небојша Вилиќ; тираж: 100 копии;
© 2002 359⁰ - NfL&SH и авторите.